Во урбаната структура на градот со својот волумен се истакнуваат црквите како доминантни во просторот. Тие импресионираат со својата архитектура, особено со внатрешниот простор. Тие имаат истакната позиција и локација. Градени се во базиликна форма и тоа како трикорабни базилики, со доста големи димензии. При посета на истите можете да видите: икони, фрески, иконостаси, мајсторски совршени дела од едно одминато време кои говорат за одреден историски и уметнички период од православната култура.



**Света Богородица** Црквата Св. Богородица 1867 г. е голема еднокорабна градска црква, градена од обработен камен. Кровот е на две води, на средината се издига висок осмостран тамбур. Внатрешноста на црквата е поделена на три травеја со помош на колони, по три на северната и јужната страна. Во внатрешноста на црквата доминира голем монументален иконостас, работен во 19 век и на него се наоѓаат евидентирани икони од истиот период. Во внатрешноста на црквата има прекрасен фреско-живопис во калотата и во тамбурата на средишниот дел од црквата, како и во слепата калота на западната страна. Фреско-живописот над порталот датира од 1870 г., а се наоѓа на западниот фасаден ѕид на црквата.



**Св.НИКОЛА** била изградена 1832г., таа доминира во просторот на чаршијата која е со уситнета структура. За време на Илинденското востание во 1903 г. црквата како и голем дел од централниот дел на градот е изгорен и разрушен. Црквата е возобновена во периодот од 1905г. до 1907 г. Таа има централна позиција и е ситуирана во чаршијата, така што со својата големина и монументалност доминира во просторот на градот. Црк вата е трибродна базилика, со тоа што кај неа е издигнат средниот брод. На јужната страна од црквата е изградена камбанарија на која е поставен градскиот саат. Иконите во црквата ги изработил зографот Михаил со синовите Данаил и Никола, а иконостасот бил дело на познатите копаничари Петре Филипович-Гарката и Димитар Станишев. Најстарите икони изложени во оваа црква се од 1884 година. Во сакралните објекти се наоѓаат грижливо чувани, некои ретко видени, некои никогаш невидени мајсторски совршени дела кои говорат за одреден историски и уметнички период од православната култура. При посетата може да се види заслепувачката убавина на иконописот, живописот, копаничарството. Ќе се запознаете со големи уметнички дела на една автентична традиционална култура која е дело на големи мајстори зографи, копаничари и иконописци чиј опус на творештво е доста обемен и уметнички вреден.

**Црква Св.Јован** Црквата Св. Јован кај крушевчани позната е како „ Влашка " црква. Изградена е 1904 г. и е најсочуван сакрален објект кој се наоѓа во центарот на градот. Во црквата нема живопис. Доминира прекрасно изработен дрвен и к оностас, направен од плитка резба од браќата Несторови. Тие го работеле непрекинато, со голема љубов и умешност и тоа повеке од 4 години. Таму можете да ги видите книгите со цртежи - скици за деталите на иконостасот како и алатките со кои е изрезбарен иконостасот, како и иконите од крушевските мајстори - зографи од 19 век. Во влезот на црквата Св. Јован исто така се наоѓаат фрески кои се пренесени од црквата Св. Атанасије во с. Локвени а датираат од 1627 г. а на нив се прикажани Св. Архиереи, Св. Богородица, итн
.

**Св.Троица** Изградена е во1881година и се наоѓа на периферијата на градот во близина на хотел "Монтана", во Ѓупското маало. Св. Троица е опожарена во Илиндеското востание, но набрзо потоа е обновена.

Црквата на манастирот **Св. Спас** во близина на Крушево е изградена 1826г. и се наоѓа на 600 м. надморска височина и има идеални климатски услови. Се наоѓа во прекрасен шумски амбиент и е омилено излетничко место за мештаните и туристите.
Манастирскиот комплекс **Св.Преображение**, подигнат бил на месноста Ручало на околу 1642 м надморска висина, во прекрасен и живописен природен амбиент. Од Крушево, на север, комплексот е оддалечен околу 8 км. Се наоѓа во близина на локалитетот Слива. Манастирот вандалски е разрушен во почетокот на 19 век, а возобновен е во 1986 година.